# Македонската култура, уметност и традиција ќе бидат претставени на манифестацијата „Марсеј – европска престолнина на културата“

ЧЕТВРТОК, 29 АВГУСТ 2013 12:06



**Македонската култура, уметност и традиција на почетокот од септември ќе бидат претставени на манифестацијата „Марсеј – европска престолнина на културата“, а македонските уметници ќе учествуваат и на Седмите франкофонски игри во Ница, Република Франција**

Ова го соопшти министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска на денешната прес-конференција на која присуствуваа и в.д. амбасадорот на Франција во Македонија, Карен Роше, и дел од уметниците кои ќе нè претставуваат на овие културни настани.



„Континуираното и видливо присуство на македонската култура и традиција во сите светски културни центри и на настани од областа на културата, за нас претставува висок приоритет“, рече Канческа-Милевска, најавувајќи ја изложбата на традиционални носии и накит од Македонија која на 5 септември свечено ќе биде отворена во Марсеј.

„Изложбата, која веќе успешно беше претставена и во Брисел, ќе биде извонредна можност за посетителите во Марсеј да се запознаат со македонското богатство на различностите, со препознатливите вредности на рачно изработени македонски носии со богат колорит и везени декорации кои ги отсликуваат македонската традиција и македонските обичаи. Отворањето на изложбата ќе биде збогатено и со настапот на Зоран Маџиров, чие музицирање на стаклените шишиња ќе биде вистинска атракција за посетителите во Марсеј“, рече Канческа-Милевска.

„Република Македонија годинава, рече таа, ќе биде присутна и на Франкофонските игри, најмасовната спортска и културна манифестација во светот по Олимписките игри“.

„Република Македонија од 2006 година е официјално членка на Меѓународната организација на Франкофонијата и ова наше учество е навистина убава можност да дадеме свој придонес во остварувањето на целите на организацијата и развивањето на дијалогот меѓу културите. Со својата креативност и индивидуалност, пред жирито и пред своите колеги од 70 земји од светот, Република Македонија ќе ја претставуваат уметниците: Ѓорѓе Јовановиќ (фотографија), Горан Менков (сликарство), Ана Ивановска (скулптура-инсталација), Индиго-квартет и Искра Шукарова (танци), Студиото „Брејк а лег“ (хип-хоп) и групата „Д-Џон“ (музика) “, истакна министерката за култура.




## ФОТОГАЛЕРИИ



Отворен новиот Археолошки музеј на Македонија




Министерката за култура се обрати на Третиот светски форум за култура и културни индустрии



Американски грант од 97.000 долари за заштита на Златковата кула во Кратово



Промовирани реновираните дуќани за занаети во Скопската чаршија

CALL FOR FOREIGN PUBLISHERS
FOR FINANCING TRANSLATIONS
OF REPRESENTATIVE
AND HIGH-QUALITY WORKS
OF MACEDONIAN LITERATURE
INTO FOREIGN LANGUAGES

## ЛИНКОВИ

Република Македонија ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА www.vlada.mk

Република Македонија Претседател



**На прес-конференцијата министерката Канческа-Милевска потсети и на досегашната интензивна презентација на македонската култура во повеќе земји и светски метрополи и ги најави активностите до крајот на годинава.**

„До крајот на 2013 година многу институции, здруженија и поединци ќе ја претставуваат Република Македонија во странство. НУБ „Св. Климент Охридски“ ќе биде комесар на претставувањето на РМ на Саемот на книгата во Белград, Македонската опера ќе гостува во Џакарта со што ќе се одбележи 20-годишнината од воспоставувањето на билатералните односи со Индонезија, Народниот театар од Битола ќе гостува во Санта Барбара - Калифорнија, КЦ „Квартет“ ќе гостува во Лондон, Ансамблот за народни инструменти и песни „Стефче Стојковски“ ќе има свој настап во Италија итн.“, рече Канческа-Милевска.

„Како држава, додаде министерката за култура, поседуваме навистина богато културно наследство и актуелно творештво и токму затоа целта е да бидеме континуирано и видливо присутни во сите светски центри, на сите настани од областа на културата, на реномираните манифестации и фестивали“.

Вршителот на должноста амбасадор на Франција во Република Македонија, Карен Роше, се заблагодари за целокупната поддршка што ја дава министерката Канческа-Милевска за сите нивни проекти.

Собрание на Република Македонија
Е-ДЕМОКРАТИЈА модерен метод на јавна расправа
uslugi.gov.mk
КОМИСИЈА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
www.sep.gov.mk
Invest Macedonia
ngm
МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ MACEDONIAN OPERA AND BALLET
македонска филхармонија
ТАНЕЦ
Македонски Археолошки Весник
EXPLORINGMACEDONIA.COM
CULTEMA CULTURAL TERRITORIAL MARKETING
Национална установа МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ



**Министерство за култура на Република Македонија**
ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ 61
1000 Скопје, Македонија

Тел: (+389 2) 3240 500
Факс: (+389 2) 3240 920
Email: info@kultura.gov.mk
Web: www.kultura.gov.mk

Придружете ни се на Facebook
Гледајте не на YouTube
Следете не на Twitter

Copyright © 2011 kultura.gov.mk
Сите права се заштитени.
Created by Dynamic Web Solutions
Hosted by T-Home